Врз основа на член 50 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02, 84/2020 и 202/2024), а во врска со член 20 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија„ бр.78/15,106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Кичево на седницата одржана на ден 18.02.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

За давање на времено користење на недвижност сопственост на Општина Кичево

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кичево дава согласност за времено користење во траење од една година на сопственост на Општина Кичево, со можност за продолжување на корисникот Стопанска Комора на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Просторијата се наоѓа во зграда на ул.Кузман Јосифоски Питу бб, на први кат, број на КП 3435/1 со површина од 15 м2 и од 25 м2, сопственост на Општина Кичево.

**Член 3**

Корисникот и Оптина Кичево ќе склучат Договор за користење доколку треба детално опишување на правата и обврските на корисникот и давателот, како и начините и условите за негово раскинување.

**Член 4**

Недвижната ствар се дава на користење без надомест.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кичево.

Në bazë të nenit 50, paragrafi 1, pika 15 të Ligjit për vetëqeverisjen locale („Gazeta zyrtare e RM“ nr.5/02, 84/2020 dhe 202/2024), si dhe në lidhje me nenin 20 dhe nenin 21 të Ligjit për përdorimin dhe disponimin e sendeve në pronësi shtetërore dhe sendeve në pronësi komunale („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut, nr. 101/19, 275/19 dhe 122/21), Këshilli i Komunës së Kërçovës, në seancën e mbajtur më dt. 18.02.2025, miratoi:

**V E N D I M**

Për dhënie në shfrytëzim të përkohshëm të patundshmërisë pronë e Komunës së Kërçovës

**Neni 1**

Me këtë Vendim Këshilli i Komunës së Kërçovës jep pëlqimin për përdorim të përkohshëm për një periudhë prej një viti të pronës së Komunës së Kërçovës, me mundësi për vazhdim për përdoruesin, Odën Ekonomike të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Neni 2**

Hapësira ndodhet në një ndërtesë në rrugën Kuzman Josifoski Pitu, nr. pn, në katin e parë, numri i PK 3435/1, me sipërfaqe prej 15 m² dhe 25 m², pronë e Komunës së Kërçovës.

**Neni 3**

Përdoruesi dhe Komuna e Kërçovës do të lidhin Kontratë për përdorimin nëse është e nevojshme një përshkrim i detajuar i të drejtave dhe detyrimeve të përdoruesit dhe ofruesit, si dhe mënyrat dhe kushtet për ndërprerjen e saj.

**Neni 4**

Pasuria e paluajtshme jepet për përdorim pa kompensim.

**Neni 5**

Ky Vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit, ndërsa do të shpallet në Fletoren Zyrtare të Komunës së Kërçovës.

**Советот на Општина Кичево / Këshilli i Komunës së Kërçovës**
**Претседател / Kryetar**
**Skender Xhabiri**